**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 44-2282/10
Скопје, 25 март 2020 година

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

<u>СКОПЈЕ</u>

**ИЗВАДОК**
**од Нацрт – записникот од Дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 март 2020 година**

„ТОЧКА 1: **Записник од Десеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 25 март 2020 година**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Десеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 25 март 2020 година.

Истовремено, согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, ги усвои следниве заклучоци:

1. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, да се забрани движење на населението на територијата на Република Северна Македонија, во деновите сабота и недела, во временски период од 16.00 часот до 5.00 часот наредниот ден.

   Согласно ова, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

2. Со цел операционализирање и спроведување на Одлуката за дополнување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, сите економски оператори што вршат продажба, во деновите сабота и недела, продажните капацитети да ги затворат најдоцна до 15.00 часот.

3. Како и за сите претходно донесени одлуки, заклучоци, мерки и препораки на Владата исто и за оваа мерка важат исклучоците за вработените лица во Министерството за внатрешни работи, припадниците на Агенцијата за национална безбедност, Министерството за здравство, Министерството за одбрана, Армијата на Република Северна Македонија, противпожарните територијални единици, Царинската управа, земјоделците, фармерите, правните лица кои работат во 3 и 4 смена и другите лица и институции претходно опфатени во исклучоците за овие мерки и забрани.

4. Такси компаниите да воведат дежурства со ограничен број на возила и истите да бидат искористени исклучиво за превоз кон/од болничка установа, за превоз на лице кое има посебна дозвола за движење за време на забраната и посебниот режим на движење или за превоз на лица кон/од работно место."

Прилог:

- Записник од ГККШ

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ДОСТАВЕНО И ДО:

- сите државни институции
- Заедницата на единиците на локалната самоуправа
- Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија
- Стопанските комори во Република Северна Македонија

Подготвила: Ирма Мандева
Проверил: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска



Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3118 022
www.vlada.mk